**УДК:37.015.31:78**

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ-ПРОМЕНИ И МОЖНОСТИ

**1Ленче Насев1**

**Краток извадок**

**Научно-технолошката револуција директно или индиректно влијае врз усовршување на образовниот систем. Целта на трудот е да се укаже на потребата од промени, но и на можностите за подобрување на организацијата на работата на одделенскиот наставник.**

**Клучни зборови: современ наставник, наставни планови и програми, учебници, ученици**

# MUSIC EDUCATION - CHANGES AND OPPORTUNITIES

**1Lence Nasev2**

**Abstract**

**Scientific and technological revolution directly or indirectly affects at improvements to education. The purpose of this article is to highlight the need of changes and opportunities to improve the work of the class teachers.**

**Key Words: modern teacher, teaching plan and program, textbooks, students**

Промените како социолошко-образовен концепт претставуваат оперативна сила со помош на која поединецот може да делува во било кое општество. Промените, традиционалните системи ги трансформираат во привремени, кои понатаму континуирано се надоградуваат. Денешното современо информатичко општество се стреми кон забрзани промени во технологијата, науката, политиката, религијата, културата, образованието, комуникацијата и меѓучовечките односи. Од таа причина условите, ставовите, вредностите и стилот на живот постојано се менуваат. Па оттука произлегува и потребата од промена на природата, структурата и целите на образовните системи во целиот свет. Отпорот кон промените и технолошкиот прогрес може да предизвика пречки во конструктивниот развој на образованието, културата или индивидуата.

Образованието во 21. век во светски рамки се обидува да се прилагоди според интензитетот на мултикултурното движење, глобалната перспектива на сите светски движења и брзиот технолошки развој. За да може денешното дете да се образува и воспитува во чекор со актуелните состојби, неопходни се постојани реформи на образовниот систем.

Во Република Македонија реформите во образовниот систем се во тек. Тие се јавуваат како неопходност која ќе овозможи да се остварат современите цели на образованието на детето, а тоа се: развивање на неговата свест и однос кон другите и околината во која живее. На тој начин како иден активен учесник во светските одлуки, кој ќе врши влијание врз останатите, детето ќе се подготви кон снаоѓање во непредвидливи ситуации и соочување со неочекувани промени и предизвици.

Ерата на информатиката длабоко навлезена во воспитно-образовниот систем ги

---

[1] *Музичка академија,Универзитет „Гоце Делчев"-Штип*

[2] *Music academy,University Goce Delchev- Shtip*

отвара вратите на детето да се оформи во човек со широка општа култура, сестрано развиени способности, како и работник кој ќе ги следи научните и културните достигнувања и перманентно ќе се образува.

Тенденцијата на современиот училишен систем е демократизација, преку која се остварува еднаквост во образованието, како и создавање на услови ученикот да се развива според своите интереси и способности. Оттука неопходно е наставните планови за образование на детето на 21. век да бидат прилагодени кон новиот живот, да бидат доволно иновативни и да ги искористат условите на денешното живеење како лабараторија преку која ученикот ќе се доближи до реалноста. Во воспитно-образовниот процес од ученикот се бара повеќе да учи самостојно ,отколку да биде поучуван од страна на наставникот. Улогата пак на современиот наставник е да биде истражувач, стратег на педагошката работа, програмер, педагошки дијагностичар, терапевт, организатор на воспитната работа, воспитувач на младите генерациии и општествен работник.

Основното образование во Р. Македонија е задолжително. Според Законот за основното образование во „Службен весник на Република Македонија“ број 103 од 19.8.2008 година, тоа трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа: од I до III, од IV доVI и од VII до IX одделение. Започнувајќи од својата шеста година детето активно се вклучува во долготраен и плански процес, преку кој стекнува систематизирани знаења од разни области вклучувајќи ја и музиката. Музичкото образование како задолжителен предмет е застапен во сите одделенија од I до IX одделение. Со воведувањето на Концепцијата за деветгодишно образование (2007), предвидено е овој предмет да се изучува од I до V одделение со два часа неделно. Часовите ги реализира одделенскиот наставник. Од VI до IX одделение Музичко образование се изучува со еден час неделно. Овие часови ги реализира предметен наставник (Насев, 2010).

За  програмските барања да бидат целосно исполнети во наставата по Музичко образование неопходни се соодветни наставни средства, поточно наставно–дидактички помагала (учебници), кои ќе послужат како основа за информирање и комуницирање. Преку нив ученикот ќе се запознае и ќе ги усвои основните елементи на музичката писменост, ќе научи правилно и чисто да пее народни и уметнички песни, ќе свири на Детски музички инструменти, активно ќе слуша музика, ќе се запознае со нејзините изразни елементи, ќе стекне основни пејачки умееља и навики, ќе твори.

Бидејќи анализата на проблемите по предметот Музичко образование во сите одделенија од деветгодишниот систем е обемена, ќе го издвоиме само на првиот образовен период од I од III одделение. Причината е следна. Во Република Македонија со реформата на основното образование од осумгодишно во деветгодишно (2005–2015), нормативно се укинати учебниците  за I, II и III одделение, а оправданоста за ваквата постапка се објаснува со „потребата“ да се намали оптовареноста на учениците. Со посебни акти одредено е да се изготват прирачници за Музичко образование. Фактот дека прирачникот е придружна литература на учебниците укажува на алармантна состојба, која бара да се преиспита ваквата нормативна одредба со која се укинати учебниците на овој задолжителен предмет во почетниот период од основното образование (Талевски,2009).

Ваквата состојба го наметнува прашањето: Дали реално има вистински промени во наставната практика по Музичко образование во првиот образовен период и дали дидактичката реформа на основното училиште чија цел е поквалитетно образование и воспитание, може да се изведе само со менување на програмите и содржината?

Од досегашните истражувања (Талевски,2009), произлегува дека независно од менувањето на програмите и укинувањето на учебниците, се чувствува недостаток и од доволна острученост и оспособеност на наставниот кадар за реализација на наставата по Музичко образование.

Оттука произлегува потребата да се создаде **систем на задолжително усовршување на одделенските наставници** во форма на: кратки советодавни симпозиуми за проблемите при реализација на часовите по Музичко образование, музички работилници во кои ќе се обработуваат конкретни проблеми од праксата, редовни годишни трибини за проблемите поврзани со музичката теорија и пракса, размена на одделенските наставници на подолг период во други држави со цел тие да се запознаат со различни системи и стилови на работа, стипендирање на нивниот педагошки престој, стипендирање на студиските патување на наставниците во други држави.

На тој начин самите одделенски наставници ќе бидат охрабрени да воведуваат иновации, поттикнуваат промени, да ја модернизираат формата на учењето и наставата по Музичко образование преку наставна активност која ќе биде прилагодена на психофизичките карактеристики на учениците од 6 до 9 годишна возраст.

**Литература:**

Насев, Л. (2013), Уметност, култура и музичко образование, *Воспитание - списание за образовна теорија и практика,* 8 (12), 71-74.

Насев, Л. (2012) Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во откривање на музички талентирани ученици, *Зборник на трудови, Факултет за музичка уметност*, 3 (3), 81-86.

Насев, Л. (2010), Предметот музичко образование во рамките на основнот образование, *Yearbook - Faculty of Music Art,* 1 (1), 59-62.

Талевски, В. (2009). Степенот на компатибилност на нормативно-програмскиот, дидактичко-методскиот и практичниот аспект на реализација на наставата по музичко образование од прво до трето одделение во Р. Македонија, Скопје, ФМУ, *докторска дисертација (во ракопис)*.